АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5661 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Седмиот десетдневен период, од 1 до 10 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот од 20 часот, на ТВ 24 Вести, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 41 минута и 19 секунди (4 часа 39 минути и 38 секунди

претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави) и 1 минута и 41 секунда аналитички жанрови).

***<u>Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Без субјекти | 00:18:47 | 6,72 % |
| Локална самоуправа | 00:08:28 | 3,03 % |
| Влада на РМ | 00:28:03 | 10,03 % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:26 | 8,02 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:51 | 2,45 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:58 | 3,56 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:38:46 | 13,86 % |
| Други субјекти | 00:37:55 | 13,56 % |
| ДИК и други органи | 00:03:22 | 1,20 % |
| СДСМ | 00:18:43 | 6,69 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:24 | 5,15 % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:01:01 | 0,36 % |
| Граѓански сектор | 00:22:54 | 8,19 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:02 | 2,16 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:31 | 0,54 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:35 | 0,21 % |
| Шарена револуција | 00:01:35 | 0,57 % |
| Судство | 00:16:01 | 5,73 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:11 | 1,50 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:05:59 | 2,14 % |
| Либерална партија | 00:00:43 | 0,26 % |
| Претседател на РМ | 00:00:36 | 0,21 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:02:06 | 0,75 % |
| Беса | 00:01:08 | 0,41 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:39 | 0,23 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:45 | 0,27 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:03 | 0,38 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:52 | 0,31 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:52 | 0,31 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:40 | 0,95 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:41 | 0,24 % |
| | **Вкупно: 04:39:38** | **100 %** |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите „Амбасадори / меѓународни организации / странски политичари", *„Други субјекти", „Влада на РМ", „Граѓански сектор", „Експерти/аналитичари"* и *„Без субјекти".*

Групата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари е првозастапена со 38 минути и 46 секунди, најмногу поради реализираното интервју со европратеникот Кнут Фленкештајн и Тања Фајон кои заедно прават 15 минути и 55 секунди од времето посветено за оваа категорија. Останатите активности се на: Лиза Винтон, координатор на ОН; Тана Де Зулиета, шеф на набљудувачката мисија на ОБСЕ; Светски

економски форум; Американскиот амбасадор во Македонија Џес Бејли; Британскиот амбасадор во Македонија Чарлс Гарет; Светска Банка; ММФ; Американските политички аналитичари Роберт Скот Хазлет и Ерик Бурнс; Самуел Жбогар, амбасадор на ЕУ во Македонија; Јоханес Хан, еврокомесар; ЕК; „Фридом Хаус" и др.

Во овој извештаен период под категоријата *„Други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Сашо Ливрински, член на Собранието на ЗАМП; Бени Шакири, музичар; Фатмир Бутики, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија; Југохром; Благоја Поповски, адвокат; Ненад Новковски, поранешен министер за образование; Сулејман Рушити, поранешен министер за образование; ЗАМП; НБРМ; Сашо Мијалков, поранешен директор на УБК; Драги Ѓорѓиев, директор на ИНИ; Ферид Мухиќ, универзитетски професор; Мерсида Мемедовска, 5 годишно девојче со оштетен слух; Димитар Богов, гувернер на НБРМ; Звонко Давидовиќ, адвокат; Иџет Мемети, народен правобранител; Горан Наумовски, новинар; Стевчо Стевоски, полицаец; Златко Арнаудовски, доктор во болницата Систина; Никица Габриќ, сопственик на болницата Свијетлост – Загреб; Утрински весник; Крсте Миладинов, Македонски енергетски ресурси; Љубиша Станковиќ, новинар, Едвард Воз, менаџер на „Стил-ком"; Зоран Божиновски, новинар; Туше Гошев, адвокат; Борче Стојанов, адвокат; Мите Кадиев, сопруг на починатата родилка Маја Кадиева и др. Оваа категорија е застапена со 37 минути и 55 секунди.

Владата на Република Македонија со 28 минути и 3 секунди е присутна преку следниве теми: Изјава на министерот за образование и наука Пиштар Љутвиу во врска со ревизорскиот извештај за МОН; „Македонската музика се враќа во етерот – Министерството за култура ја укинува забраната од ЗАМП"; Владата се задолжи за 61 милион евра; Тетовски „Југохром" пред затворање", изјава на министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети; Изјава на заменик министерот за информатичко општество и администрација дадена за време на организираната дебата посветена на отвореноста на Владата кон граѓанството; Пренесен одговор од кабинетот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Михаил Цветков за поднесената кривична пријава од дополнителниот заменик министер Љупчо Николовски; Пренесена изјава на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов дадена во интервјуто за ТВ Нова, а во врска со трите прекршочни пријави кои му ги поднесе МВР; Пренесена реакција на Министерството за финансии по изјавата на членот на СДСМ Драган Тевдовски; Извештај од Министерството за финансии за предизборните трошења; Изјава на министерот за здравство Никола Тодоров за несреќниот случај на детската клиника во Скопје; Владата планира да се задолжи за 12,1 милион евра; Ново задолжување од 18 милиони евра; Соопштение од Министерството за финансии: „Опозицијата ги злоупотребува аукциите на државни записи за пропагандни цели"; Изјава на премиерот Емил Димитриев во врска со извештајот на ЕК за напредокот на Македонија; Реакција на вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски за извештајот на ЕК за напредокот на Македонија.

За *„Граѓанскиот сектор"* се одвоени 22 минути и 54 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на: Сабина Факиќ, Центар за граѓански комуникации; Љупчо Петковски, МЦЕО; Дијана Жупановска, МЦЕО; Марија Блажевска, „Излези да гласаш"; Синдикатот за култура; „Мојот глас моја одговорност"; Независен полициски синдикат; Томислав Стојановски Бомбај, совет на родители; Даниела Мирческа, Ресурсен центар на родители; Анче Николова Туфекчиева, родител, Андреја Стојковски, МЦЕО; Малинка Ристевска Јорданова, директорка на Институтот за европска политика; Тамара Чаусидис, ССНМ; Насер Селмани, ЗНМ; Сојузот на земјоделците во Македонија; Здружението за културно обединување на бошњаците во Македонија – АБАЗ; Коалицијата на Египќаните; Здружението за духовно обединување на сетинци, пападинци и крушороди од Лерин; Пеце Грујовски, претседател на УПОЗ; Пеце Ристевски, претседател на СИЕР; Дејан Ѓеорѓиевски, Центар за развој на медиуми; Уранија Пировска, Хелсиншки комитет и др.

За категоријата *„Експерти/аналитичари"* се одвоени 22 минути и 36 секунди. Нивни изјави се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на повеќе универзитетски професори: Владимир Пивоваров; Ванчо Узунов; Томе Неновски; Вељанд Рамадани; Мирољуб Шукаров; Нано Ружин; Игор Ивановски;

Владимир Филиповски; потоа на Слободан Најдовски, поранешен пратеник на ЛДП; Ангелчо Андоновски, педијатар; Александар Даштевски, аналитичар; Петар Арсовски, аналитичар; Алберт Муслиу, аналитичар; Тодор Пендаров, колумнист; Ристо Никовски, поранешен амбасадор; Митко Андреевски, енергетски консултант; Исмет Рамадани, аналитичар; Петар Гошев, поранешен гувернер на НБРМ; Павле Гоцев, економист и др.

Со застапеност од 18 минути и 47 секунди е методолошката категорија *„Без субјекти"* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани поврзани со различни теми: „Деца се затруле од енергетски пијалак", „Опожарени две возила, повредени нема", „Државата незаконски одзема имот за да гради гасовод", „Закана по здравјето и домовите во Лабуништа", „Труење во Скудриње", „Протест – Немаме цевки ни радијатори, зошто да плаќаме парно", „Лекарска грешка или компликација? Вест за несреќниот случај на Детската клиника во Скопје", „Со кулинарски специјалитети од праз до подобар пласман", „Обештетувањата за поплавите се делат по партиски и пријателски врски, изјава на жителите со поплаки за критериумите по кои се дели помошта", „Протест на жителите на Општина Центар заради немање паркинг", „Протест на тетовските основци" и др.

Со време од 16 минути и 1 секунда во овој извештаен период се појавува категоријата „Судство" преку прилозите поврзани со: Почетокот на рочиштето на судењето за „Пуч"; Вест за текот на процесот што го отвори СЈО против битолскиот градоначалник Владимир Талески, пренесена одлуката на Апелациски суд; Распитот на поранешниот директор на УБК Сашо Мијалков во судот; Вестите и извештаите за зградата која ја гради претседателот на Кривичниот суд Владимир Панчевски, кривична пријава на судијата Иван Џолев против судијата Панчевски, како и пренесеното соопштение на претседателот на судскиот совет Зоран Караџовски во врска со овој случај; Закажани две рочишта на Кривичниот суд по обвиненијата од СЈО; Кривичната пријава за Андреј Жерновски за случај стар 5 години кој се поврзува со случајот за уривање на доградбата во Центар во сопственост на претседателот на Кривичен суд Владимир Панчевски; Вестите за одлуката на Судот по барањето на СЈО за преземање на мерки за безбедност за Мијалков и за Канческа Милевска осомничени во случаите „Тендери" и „Тортура"; Укинување на решението за уривање на зградата на судијата Панчевски од страна на Второстепената комисија; Пренесеното соопштение од страна на Основниот суд Скопје 1 по обвинувањата од страна на ЛП и СДСМ за неажурност; Реакцијата на претседателот на Судскиот совет Зоран Караџоски по повод интервјуто на лидерот на СДСМ Зоран Заев дадено на 24 анализа, каде најави генерален реизбор во судството; Одбиената иницијатива поднесена од БЕСА и НДМ од страна на Уставниот суд за испитување на уставноста на Ад хок телото и спорните гласачи; Извештај од судското рочиште за новинарот Зоран Божиновски и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за СДСМ (18 минути и 43 секунди) и за ВМРО ДПМНЕ (14 минути и 24 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 12 политички субјекти (МААК – Конзервативна партија; ДУИ; Коалиција за промени и правда; ДОМ; ЛП; ОМ; Беса; НДМ; ДПА; ВМРО НП; ППД и Коалиција ВМРО за Македонија).

Во овој мониториран период, фокус на интерес на ТВ 24 Вести се неколку актуелни теми: Преку вести во низа неколку дена се следат случувањата со уривањето на доградбата во Центар во сопственост на претседателот на Кривичен суд, Владимир Панчевски и мерките што ги презема Општина Центар, со вклучени изјави и став од двете страни; Кривичната пријава од судијата Иван Џолев за претседателот на Кривичен суд, Владимир Панчевски; Сообраќајката на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов и реакциите по инцидентот; Кандидатските листи на партиите за претстојните парламентарни избори и преговорите за предизборни коалиции; Претседателските избори во САД, проследени со емисија во живо, директни вклучувања на известувач од Вашингтон, став на странски и домашни аналитичари за тоа како ќе влијае изборот на Доналд Трамп за претседател на САД на состојбите на Балканот и во Македонија.

Во извештајниот период во рамките на ТВ Дневникот на 4 ноември 2016 година (20:29:58 – 20:36:14) се емитуваше интервју со европратеничката Тања Фајон на тема: Европскиот извештај ќе има многу критики.

На 5 ноември 2016 година (20:32:58 – 20:42:37) беше емитувано интервју со европарламентарецот Кнут Фленкештајн, а темата беше: Реформи во судството и борба со корупцијата.

На 4 ноември 2016 година (20:13:15 – 20:14:56), телевизијата емитуваше редакциски коментар во врска со зачестените напади од некои партии и телевизии кои ги добивала ТВ 24 Вести по објавениот прилог посветен за исхраната во ученичкиот дом во Велес.

И во овој мониториран период, телевизијата ја задржува практиката да обезбеди две или повеќе гледишта за обработените теми, со снимени изјави или пренесени писмени соопштенија и ставови или толкувања од аналитичари и експерти од соодветните области.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:05:10 | 6,35 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:42 | 16,84 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:53 | 3,55 | % |
| Влада на РМ | 00:07:30 | 9,22 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:54 | 12,17 | % |
| Беса | 00:00:14 | 0,29 | % |
| Други субјекти | 00:10:55 | 13,42 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:32 | 0,66 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:39 | 2,03 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:43 | 0,88 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:11 | 5,14 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:34 | 0,70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:39 | 20,47 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:31 | 0,64 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:15 | 1,54 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:13 | 0,27 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:46 | 0,94 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:00:26 | 0,53 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:10 | 1,43 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:26 | 0,53 | % |
| Шарена револуција | 00:01:03 | 1,29 | % |
| Либерална партија | 00:00:27 | 0,55 | % |
| Судство | 00:00:27 | 0,55 | % |
| | **Вкупно: 01:21:20** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за категориите Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (16 минути и 39 секунди), потоа за *Експерти/аналитичари* (13 минути и 42 секунди), *Други субјекти* (10 минути и 55 секунди) и *Граѓански сектор* (9 минути и 54 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи* со водителот Огнен Јанески, која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела:

На 1 ноември 2016 година, во 8 часот и 8 минути се емитуваше репризно издание на емисијата на тема: „Кој кого бркал и кој од кого бега по сообраќајниот инцидент на Диме Спасов".

Новата емисија емитувана истиот ден беше поделена на два дела со две различни теми. Првиот дел започна во 16 часот и 16 минути, а беше на тема: „Дали поради изборите бифтекот од 5.200 денари ќе биде заменет со шарска од 200 денари?" Вториот дел од емисијата започна во 18 часот и 8 минути, а беше на тема: „Дали пред изборите политичарите ќе ги оценувате според моралот или ветувањата?" Репризното издание на емисијата беше на 2 ноември 2016 година, во 8 часот и 10 минути.

На 2 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути беше премиерното издание на тема: „До вчера беше политичка хајка, а денеска Панчевски сам си ја урива доградбата." Оваа емисија беше реприрзирана на 3 ноември 2016 година, во 8 часот и 7 минути.

Во емисијата емитувана на 3 ноеми 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути, темата беше: „МВР со три прекршочни пријави за Спасов, за кого ова е полициско-криминалистичка местенка?" Репризното издание на емисијата беше емитувано на 4 ноември 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

На 4 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути, гледачите го изразуваа своето мислење на темата: „Вчера во Кривичен суд, а денеска на распит во СЈО – Мијалков не може да здивне." Репризното издание на емисијата беше на 7 ноември 2016 година, во 8 часот и 6 минути.

На 7 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути беше премиерното издание на тема: „Листите на СДСМ во фокусот – Поповска од ДОМ се повлече, Мухиќ изненадување." Оваа емисија беше реприрзирана на 8 ноември 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

Во емисијата емитувана на 8 ноеми 2016 година, со почеток во 16 часот и 20 минути, темата беше: „24 Вести во ваше име го прашува Зоран Заев – поставете прашања за 24 анализа." Беше најавено дека оваа практика, гледачите да поставуваат прашања кои потоа ќе бидат поставени на соговорниците во дебатните емисии, ќе се применува и за другите лидери на политички партии кои ќе гостуваат во дебатите на телевизијата.

Во емисијата емитувана на 9 ноеми 2016 година, со почеток во 16 часот и 17 минути, овојпат водител беше Јана Серафимова, а темата беше: „Што ќе значи победата на Трамп за светот, а што за Македонија?" Репризното издание на емисијата беше емитувано на 10 ноември 2016 година, во 8 часот и 10 минути.

На 10 ноември 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути беше премиерното издание на тема: „Дали Македонија е социјална држава?".

***Отворено студио 1 дел – избори во САД***

На 9 ноември 2016 година, со почеток во 2 часот по полноќ, па се до 9 часот и 3 минути, ТВ 24 Вести организираше Отворено студио за претседателските избори во САД. Гледачите се јавуваа во емисијата за да го искажат своето мислење. Се емитуваше изјава на аналитичарот Исмет Рамадани за тоа какво ќе биде влијанието на новиот претседател на САД за односите со Балканот и со Македонија. Потоа имаше директно јавување на Билјана Секуловска од Вашингтон, па вклучување од организираното следење на изборите во САД во хотелот Александар Палас, во организација на Амбасадата на САД во Македонија. Беше направено интервју со американскиот амбасадор во РМ Џес Бејли, а беше земена и изјава од македонските политичари

присутни на настанот: Артан Груби (ДУИ); Влатко Ѓорчев (ВМРО ДПМНЕ) и Радмила Шекеринска (СДСМ). Гости во Отворено студио беа и американските политички аналитичари Ерик Бурнс и Роберт Скот Хејзлет.

***Во живо – прес конференција Јоханес Хан***

На 9 ноември 2016 година, со почеток во 13 часот и 33 минути, ТВ 24 Вести ја следеше во живо прес-конференцијата на еврокомесарот Јоханес Хан во Брисел. Директно јавување од седиштето на ЕУ во Скопје имаше новинарот Сеад Ризвановиќ кој потоа ја пренесуваше и прес конференцијата на евроамбасадорот Самуел Жбогар.

***Отворено студио 2 дел – избори во САД***

Истиот ден со почеток во 18 часот, Отвореното студио на ТВ 24 Вести повторно беше за претседателските избори во САД. Водител беше Александар Пешев, а гости беа универзитетските професори Перо Димшоски и Ѓорѓи Филипов. Репризното издание беше на преодот помеѓу 9 и 10 ноември 2016 година.

***Тренд – економија и бизнис***

На 1, 2, 6 и 7 ноември 2016 година, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на темите: Тендерски постапки. Што одлучува при тендерскиот избор-цена, квалитет или директни конекции со власта и владејачките структури? Како се добива, а како се губи на државните тендери? Гости во емисијата беа: Драган Малиновски, адвокат и поранешен антикорупционер; Сабина Факиќ, Центар за граѓански комуникации и Фатмир Бутики, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија.

На 7 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 59 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Тренд – економија и бизнис* на тема: „Кој и за што не задолжува и како ќе се отплаќаат сите тие позајмени пари?“ Гости во емисијата беа: Петар Гошев, поранешен гувернер и Мирољуб Шукаров, универзитетски професор. Репризното издание беше емитувано на 8 ноември 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ.

*<u>Интервјуа</u>*

***Патот до успехот***

Емисијата „*Патот до успехот*“, од 1 и 5 ноември 2016 година, беше реприза на интервјуто со Љубомир Чадиковски, поранешен директор на Театарот за деца и младинци. На 5 ноември 2016 година, со почеток во 18 часот и 3 минути, премиерно е емитувано интервју со Игор Стефановски Иџе, автомобилист. Ова издание има 3 репризи, две на 6 ноември и едно на 8 ноември 2016 година.

На 7 ноември 2016 година, емитувано е неделното интервју на Радио Слободна Европа, каде гостин беше Павле Трајанов, од Демократски сојуз. Репризното издание беше на 7 ноември 2016 година.

*<u>Дебатни емисии</u>*

***Анализа 24***

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На 1 ноември 2016 година, со почеток во 11 часот и 2 минути, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема: „Потребата од отварање на нови универзитети во услови кога во земјава веќе работат 23 државни и приватни универзитети и виши школи“. Гости во емисијата беа универзитетските професори Солза

Грчева и Ненад Новковски. Во емисијата беше емитувана и изјава на Азис Положани, ректор на новоотворениот универзитет „Мајка Тереза".

Истиот ден со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Зошто младите ја напуштаат Македонија? Младите и политиката." Гостин беше Стефан Богоев, претседател на социјалдемократската младина. Забелешка од водителот дека емисијата требало да биде реализирана како дебата на младите претставници на четирите водечки политички партии во Македонија, но ДПА уште од самиот старт најавиле дека нема да испратат свој претставник, ДУИ најавиле дека ќе дојдат но го откажале учеството, а од ВМРО ДПМНЕ одговориле дека ќе се обидат да испратат свој претставник, но не дошле и на крај наместо дебата емисијата е сведена на интервју со Стефан Богоев. Репризните изданија беа на 2 и 3 ноември 2016 година.

На 2 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Помалите партии на изборите на 11 декември." Гости беа: Зоран Шапуриќ, ЛДП и Љупчо Пренџов, ГРОМ. Водителот нагласува дека учество во дебатата требал да земе и Агон Ферати, Движење за реформи на ДПА, но тој пред почетокот на емисијата го откажал учеството. Репризни изданија имаше на 3 и 4 ноември 2016 година.

На 3 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема „Нов рамковен договор, надграден и проширен или пак национализам предизборно со цел да се соберат политички поени; Се исплаши ли ДУИ од најавениот граѓански концепт и од мултиетничките листи на лидерот на СДСМ Зоран Заев, па удри по СДСМ?" Гостин беше Бујар Османи, ДУИ. Репризи се емитуваа на 4 и 7 ноември 2016 година.

На 4 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на следнава тема: „Турбулентно предизборие пред почетокот на кампањата. Се којат пратеничките листи, шарените револуционери веројатно ќе добијат место од опозицијата предводена од СДСМ. Ќе има ли контратежа во фаворитите на Груевски од членовите на ГДОМ?" Гости беа: Павле Богоевски, најавен како граѓански активист и Крсте Јовановски, најавен како актер и активист на ГДОМ. Репризни изданија имаше на 5 и 8 ноември 2016 година.

На 8 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 43 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата која е реализирана како интервју. Гостин беше лидерот на СДСМ Зоран Заев. Во емисијата беа вклучени прашањата од гледачите кои претходно беа испратени преку директните јавувања во контактната емисија Очи в Очи. Од страна на водителот беше најавено дека вакви интервјуа (дебати) во предизборниот период ќе бидат реализирани и со лидерите на другите политички партии. Репризните изданија беа на 9 и 10 ноември 2016 година.

На 9 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 50 минути, премиерното издание на емисијата беше на тема: „Дали увезуваме, продаваме или конзумираме безбедна храна и пијалаци и дали овие прашања се во функција на дневно политиканство или постои реална причина за загриженост заради нефункционалност на институциите?" Гости беа: Љупчо Николовски, дополнителен заменик-министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Зоран Поповски, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство. Репризното издание беше на 10 ноември 2016 година.

***24 Отворено***

24 Отворено – Дебатна емисија со гости и публика во студиото. Во реализација на емисијата покрај екипата на ТВ 24 Вести, вклучен е и тимот на специјализираната веб – страна за сатира, пародии и измислени вести „Коза Ностра" и актерот Јовица Михајловски. Водител е Младен Чадиковски. Гости беа универзитетските професори Татјана Стојановска – Иванова и Крсте Шајновски; Љатифе Шиковска, НО Амбрела и Илија Јовановиќ, Здружение за деца без родители. Темата беше: „Дали Македонија заборави на илјадници наши сограѓани кои едвај крпат крај со крај?" За време на емисијата е емитувана сторија за ромските семејства што неколку месеци живеат на отворено под Скопско кале, исто така, емитувана е сторија

и за социјално загрозеното семејство на Енвер Јусуфовски од Охрид и емитувана е изјава на Али Бајазити, професор на УЈИЕ. Дебатната емисија 24 Отворено е проект на Националниот институт за меѓународни работи во Македонија (НДИ), со ТВ 24 Вести како медиумски партнер, финансиски поддржан од УСАИД и Националната фондација за демократија.

*Сектор за програмски работи*